# Повик за акција

## за Здравјето на Новородените во Европа





Powered by
EFCNI



*Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето* е ратификувана во 196 земји и кажува дека „детето, поради физичката или менталната незрелост, има потреба од посебна заштита и грижа, вклучувајќи и правна заштита, пред и по раѓањето.“ Членот 6 потврдува дека секое дете има право на живот, преживување и развој. Понатаму, децата имаат право да бидат згрижени од нивните родители и не треба да бидат одвоени од нив, додека е тоа можно (Член 7 и 9). Сепак, придржувањето кон Правата на детето во реалноста останува огромен предизвик.

*Европските стандарди за грижа за здравјето на новородените* (European Standards of Care for Newborn Health) помагаат во поддржувањето на овие права од самиот почеток на животот, со тоа што служат како референца за развој и имплементација на обврзувачки стандарди и насоки на национално и на меѓународно ниво. **Креаторите на европските и на националните политики, менаџментот во болниците, фондовите за здравствено осигурување, професионалните здруженија и организациите на пациенти, и компаниите од индустријата** треба да соработуваат за да се воведат стандардите во пракса и да се обезбеди квалитет, еднаквост и достоинство за најмалите.

## Затоа, повикуваме на акција за:

**Рана идентификација на жените кои имаат ризик од предвремено породување и избегнување на транспорт кој би резултирал со зголемен морбидитет и морталитет и одвојување на мајката и бебето** преку обезбедување на третман во специјализирани перинатални центри, каде грижата за мајките и новороденчињата се одвива на истото место.

**Да се посветиме на здравствена заштита базирана на докази со тоа што ќе обезбедиме модерна медицинска опрема и соодветен број на вработени.** На родителите во секое време треба да им бидат достапни лесно разбирливи информации во врска со процедурите за лекување и нега.

**Обезбедување доволен број високо професионален кадар, особено медицински сестри и акушерки,** за да се обезбеди оптимална грижа за бебињата.

**Да се поддржат родителите на новороденчињата во нивната улога како примарни негуватели од самот прием во болница, да се промовира развојна нега насочена кон новороденото и кон семејството** и да се обезбеди 24-часовен пристап на родителите до нивното бебе.

**Да се следат упатствата и препораките за болничката средина и за внатрешното уредување за да се намалат стресните настани на кои се изложени ранливите бебиња и да се обезбедат услови за родителите и семејствата** соодветни на нивните потреби и кои овозможуваат приватност со нивните бебиња.

**Да се обезбедат соодветни услови за поддршка на оптималната исхрана која ги задоволува индивидуалните потреби на бебето од првиот ден по породувањето.** Мајчиното млеко треба секогаш да биде прв избор и доењето треба да биде поддржано.

**Да се промовира заедничкото донесување на одлуки помеѓу здравствените работници и родителите во ситуациите кои содржат етички предизвици.** Ова вклучува обезбедување на психо-социјална поддршка и за родителите и за здравствените работници во текот на целиот процес.

**Да се поддржат координирани, специјализирани и ефективни услуги за следење и континуирана нега за бебињата и децата кои имаат ризик за појава на подоцнежни развојни потешкотии, како и за нивните семејства.** На тој начин ќе се обезбедат насочени и базирани на докази превентивни мерки за оптимално здравје и развој на децата, како важна основа за здравје и благосостојба на целото семејство.

**Да се осигура безбедноста на пациентот и придржување кон хигиенските практики** преку обезбедување на информации базирани на докази, опрема и обука на вработените, родителите и посетителите. **Ова вклучува воспоставување на култура за пријавување на грешки без обвинување,** со цел да се подобри квалитетот на здравствената заштита и да се спречат несаканите ефекти од процедурите за нега и лекување.

**Да се дефинираат и обезбедат национални и Европски споредливи податоци** за бременост, раѓање, за здравствената заштита на мајките, новороденчињата и на децата од зачнување до возрасен човек.

**Да се обезбеди континуирана едукација и обука за сите здравствени работници кои работат во областа на здравствената заштита на мајки и новороденчиња,** вклучувајќи редовно ажурирани наставни програми и обука за чувствителна комуникација и отворена интеракција со родителите.

**Да се воспостават национални рамки за стратегија** за намалување на ризиците пред, за време и по раѓањето.

**Дефинирање на индикатори за мерење на долгорочниот исход во однос на здравјето и развојот и создавање на алатки за мерење на квалитетот,** со цел споредба во и помеѓу болниците и државите.

**Поддршка на истражувањата за здравјето на мајките и новороденчињата, развој и имплементирање на клинички упатства и протоколи** за да се обезбеди грижа базирана на докази, да се намали смртноста и морбидитетот и да се подобри квалитетот на животот.

> Вистинската вредност на секое општество може да се определи според тоа како ги третира своите најранливи членови.
>
> *(Махатма Ганди)*

www.newborn-health-standards.org

european standards of care for newborn health

# Организации поддржувачи

Повикот за акција за Здравјето на Новородените во Европа е одобрен од следните професионални здруженија и организации:

Повикот за акција за Здравјето на Новородените во Европа е одобрен од следните родителски организации:

# Признанија

Особена благодарност до Извршниот Комитет за нивната поддршка и советување, како и на Стефанија Димова која го преведе документот од англиски на македонски јазик.

Исто така им се заблагодаруваме на компаниите партнери во проектот AbbVie, Baxter, Nestlé Nutrition Institute, Philips Avent, Philips и Shire. Благодарност до Dräger за поддршката на проектот од 2013 до 2015 година.

**За EFCNI**

Европската фондација за грижа за новородени (European Foundation for the Care of Newborn Infants, EFCNI) е првата Пан-Европска организација и мрежа која ги претставува интересите на предвреме родените бебиња и нивните семејства. Таа ги здружува родителите, здравствените експрети од различни области, и истражувачите, со заедничка цел да се подобри здравјето на предвреме родените и терминските бебиња, преку обезбедување на најдобра можна превенција, лекување, грижа и поддршка.

За повеќе информации, посетете не на
**www.efcni.org**

Фотографии: Christian Klant Photography, Foto Video Sessner GmbH, Shutterstock

© EFCNI 11/2018. Сите права се задржани.

EFCNI european foundation for the care of newborn infants